Врз основа на член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 14, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 7/06). Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 16.10.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За продажба на капитално средство – патничко моторно возило**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност за продажба на сопствено капитално средство-патничко моторно возило, марка ЛАДА НИВА со регистарски број КУ=464 МЈ, број на мотор 21214/9281421, број на шасија ХТА 21214091927735, година на производство 2009, сила на мотор 59.5, со работна зафатнина 1690, маса на возило 1285, седишта 5 и боја на каросерија бела.

Член 2

Возилото се продава на МИ-ДА АУТО ДООЕЛ – Скопје, согласно член 13 од Договорот за јавни набавки бр. 19 – 1997/8 од 07.07.2009 година, бидејки патничкото моторно возило при купопродажба имало скриен недостаток и истото е опожарено и неможе да се употребува.

Член 3

Средствата добиени од продажбата на возилото ќе се инвестираат во набавка на нов возен парк.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 07 – 3518/5**
**16.10.2009 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлуката за продажба на капитално средство-патничко моторно возило**

1. Се прогласува Одлуката за продажба на капитално средство-патничко моторно возило , што Советот ја донесе на 6-та седница, одржана на 16.10.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3518/6**
**19.10.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општината Крива Паланка на седницата, одржана на 16.10.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
**За финансиска помош на Македонската православна црква Дебарско-Кичевска епархија Бигорски манастир „Св.Јован Крстител“**

**Член 1**

Се одобрува финансиска помош во висина од 25.000,00 денари за возобновување на опожарениот Бигорски манастир „Св.Јован Крстител“ од Дебарско-Кичевската епархија.

**Член 2**

Средствата во висина од 25.000,00 денари ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Крива Паланка од Програмата АО конто 412110-постојана резерва, недефинирани расходи.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 - 3518/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**16.10.2009 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за финансиска помош на Македонската православна црква Дебарско-Кичевска епархија Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“

1. Се прогласува Одлуката за финансиска помош на Македонската православна црква Дебарско-Кичевска епархија Бигорски манастир „Св.Јован Крстител“, што Советот ја донесе на 6-та седница, одржана на 16.10.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3518/4** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**19.10.2009 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 22/2007) и член 14, точка 24 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.07/06) Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 16.10.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За разрешување на внатрешен ревизор**

**Член 1**

За вршење на внатрешна ревизија како независна објективна активност за проверување на информации на Општината се разрешува внатрешниот ревизор **Стојан Младеновски**, дипломиран правник од Крива Паланка.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 3518/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**16.10.2009 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за разрешување на внатрешен ревизор**

1. Се прогласува Одлуката за разрешување на внатрешен ревизор, што Советот ја донесе на 6-та седница, одржана на 16.10.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3518/8**
**19.10.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

# С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за продажба на капитално средство – патничко моторно возило .................................................................. 141

2. Заклучок за прогласување на Одлука за продажба на капитално средство – патничко моторно возило ................... 142

3. Одлука за финансиска помош на Македонската православна црква Дебарско-Кичевска епархија Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“ .......................................................... 142

4. Заклучок за прогласување на Одлуката за финансиска помош на Македонска православна црква Дебарско-Кичевска епархија Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“ ........... 143

5. Одлука за разрешување на внатрешен ревизор .................. 144

6. Заклучок за прогласување на Одлуката за разрешување на внатрешен ревизор .............................................................. 144

---